Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Закон за дополнување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 април 2003 година.

Бр. 07-1818/1
17 април 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**
**ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2000, 96/2000, 50/2001 и 11/2002) во членот 34 став 1 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

"- децата со посебни потреби, според прописите за социјална заштита;"

Алинеите 2, 3 и 4 стануваат алинеи 3, 4 и 5.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".